Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

| | |
|---|---|
| Дата: | 21.04.2026 |
| Архивски број: | 34-14/1 |
| До: | **Министерство за правда** |
| Предмет: | Барање за активно вклучување на граѓански организации во процесот на измени и дополнување на Изборниот законик |

Почитувани,

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на барање на граѓански организации кои работат на следење на изборните процеси и на мониторинг на исполнувањето на изборните ветувања и заложби на институциите, на седницата одржана на 26.03.2026 година, оцени е потребно активно вклучување на граѓанските организации при измена на изборното законодавство.

Од тие причини, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество препорачува кога ќе се отвори процесот за измени и дополнување на Изборниот законик, во работната група координирана од Министерството за правда, да има и членови од граѓански организации, кои ќе бидат номинирани од страна на Советот, по претходно објавен јавен повик.

Со почит,

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова

Подготвила: Весна Тасевска, помошник раководител на Сектор за анализа на политиките и координација, за соработка со граѓанскиот сектор
Одобрила: Сузана Никодијевиќ Филиповска, раководител на Сектор за анализа на политиките и координација